Државната комисија за жалби по јавни набавки во состав: Маја Малахова – претседател, м-р Мишо Василевски – заменик претседател, Елита Шуки – член и Томо Томовски – член, врз основа на член 200 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот – „ТЕХНОЛАБ“ ДОО Скопје, наш број 09-597/1 од 15.09.2018 година, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-722/10 од 17.09.2018 година, донесена по Оглас за барање за прибирање на понуди бр.19/2018 за набавка на услуги – изработка на елаборати и студии од областа на животната средина на договорниот орган ЕЛС Новаци, врз основа на член 220 став (1) алинеја 4 и став 3 и 4 и член 228 став (2), (3) и (7) од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.27/2015, бр.78/2015, бр.192/2015, бр.27/2016, бр.120/2016, бр.165/2017 и бр.83/2018), на 48-та Седница одржана на ден 03.10.2018 година го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**1. Жалбата** на жалителот „ТЕХНОЛАБ“ ДОО Скопје, изјавена против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-722/10 од 17.09.2018 година, донесена по Оглас за барање за прибирање на понуди бр.19/2018 за набавка на услуги – изработка на елаборати и студии од областа на животната средина на договорниот орган ЕЛС Новаци, **СЕ УВАЖУВА.**

**2. СЕ УКИНУВА** Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-722/10 од 17.09.2018 година, донесена по Оглас за барање за прибирање на понуди бр.19/2018 за набавка на услуги – изработка на елаборати и студии од областа на животната средина на договорниот орган ЕЛС Новаци, **и предметот се враќа на повторно постапување и одлучување.**

**3. Се задолжува** договорниот орган да му ги надомести трошоците на жалителот - , во износ од 250,00 денари на име административна такса и износ од 6.150, 00 денари на име надомест за водење на жалбена постапка, **во рок од 15 дена од денот на приемот на решението.**

**4. Договорниот орган е должен** да постапи по решението на Државната комисија, во спротивно ќе се смета дека не е спроведена постапката за доделување на договор за јавна набавка согласно со Законот за јавните набавки.

5. **Решението** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечно.**

## *О б р а з л о ж е н и е*

Економскиот оператор „ТЕХНОЛАБ“ ДОО Скопје изјавил жалба против Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-722/10 од 17.09.2018 година, донесена по Оглас за барање за прибирање на понуди бр.19/2018 за набавка на услуги – изработка на елаборати и студии од областа на животната средина на договорниот орган ЕЛС Новаци, бидејќи смета дека договорниот орган сторил битни повреди на Законот за јавните набавки во евалуацијата и постапката за доделување на договор за јавна набавка со што биле сторени битни пропусти кои се однесуваат на евалуацијата на понудите и доделувањето на договорот за јавна набавка и предлага Државната комисија за жалби по јавни набавки да ја уважи жалбата, да ја укине одлуката за избор и предметот да го врати во фаза на повторна евалуација.

Во одговорот на жалбата бр.05-722/13 од 20.09.2018 година, договорниот орган ЕЛС Новаци наведува дека изјавената жалба е неоснована, поради што предлага, Државната комисија за жалби по јавни набавки истата да ја одбие.

Државната комисија за жалби по јавни набавки во текот на жалбената постапка ги изведе писмените докази и тоа: жалбата, одговорот на жалбата, одлуката за јавна набавка, огласот, тендерската документација, записникот од отворањето на понудите, извештајот од текот на е-аукцијата, понудите на понудувачите, извештајот за спроведена постапка, Одлуката за избор на најповолна понуда, како и останатата документација приложена во предметот, при што врз основа на член 220 став (1) алинеја 4 од Законот за јавните набавки најде:

***Жалбата е дозволена, навремена и изјавена од овластен подносител.***

***Жалбата е основана.***

Од увидот во доставените списи на предметот и испитувајќи ги жалбените наводи, Државната комисија за жалби по јавни набавки ја утврди следната фактичка состојба:

Договорниот орган, спровел постапка за јавна набавка со Оглас за барање за прибирање на понуди бр.19/2018 за набавка на услуги – изработка на елаборати и студии од областа на животната средина, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.05-722/1 од 14.08.2018 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, набавката била неделива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за избор ќе се користи најниска цена, постапката ќе се спроведе во електронска форма и ќе заврши со спроведување на електронска аукција. Од понудувачите било побарано да достават Изјава за независна понуда и Изјава за сериозност на понудата.

До крајниот рок за поднесување на понудите 20.08.2018 година, пристигнале вкупно 5 (пет) понуди од понудувачите: „ТЕХНОЛАБ“ ДОО Скопје, „ДЕКОНС-ЕМА“ ДООЕЛ Скопје, „ГЕИНГ Кребсунд Кифер Интернешнл и др.“ ДОО Скопје, Приватна научна установа Институт за истражувања во животната средина, градежништво и енергетика Скопје и „ПЕНЦЕР“ ДООЕЛ Битола, за што бил составен Записник од отворањето на понудите бр.05-722/7 од 05.09.2018 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите, по што понудувачите кои поднеле прифатливи понуди ги поканила на е-аукција. По завршувањето на е-аукцијата, врз основа на електронски генерираниот Извештај за текот на е-аукцијата и Извештајот од спроведена постапка бр.05-722/9 од 17.09.2018 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за избор како најповолна понуда да биде избрана понудата на економскиот оператор „ГЕИНГ Кребсунд Кифер Интернешнл и др.“ ДОО Скопје. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлука за избор на најповолна понудабр.05-722/10 од 17.09.2018 година.

Незадоволен од донесената Одлука за избор на најповолна понуда бр.05-722/10 од 17.09.2018 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднесе економскиот оператор „ТЕХНОЛАБ“ ДОО Скопје.

Постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, Државната комисија го утврди следното:

Жалителот во жалбата наведува дека договорниот орган сторил битни повреди на Законот за јавните набавки во евалуацијата и постапката за доделување на договор за јавна набавка со што биле сторени битни пропусти кои се однесуваат на евалуацијата на понудите и доделувањето на договорот за

јавна набавка. Имено, врз основа на објавен Оглас бр. 19/2018 од страна на ЕЛС Новаци за доделување на договор за јавна набавка, жалителот на 16.08.2018 година, доставил понуда преку ЕСЈН. На 05.09.2018 година преку ЕСЈН Комисијата за јавни набавки на договорниот орган доставила Известување до понудувачите кои не биле квалификувани за учество на е-аукција, со кое го известила жалителот дека како резултат од спроведената евалуација не бил квалификуван за учество на електронската аукција како последна фаза во оваа постапка, од причина што Комисијата за јавни набавки ја отфрлила понудата на жалителот бидејќи по консултација со Министерството за животна средина и просторно планирање документите: потврда за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина и потврда за стекнување на статус експерт за влијанието на проектите врз животната средна издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање не биле валидни бидејќи бил изминат рокот на важност (кој трае 5 години) од денот на издавањето на потврдите. При евалуацијата Комисијата констатирала дека потврдите биле од 2009 година и биле со изминат рок. По консултацијата со Министерство за животна средина и просторно планирање, Комисијата одлучила да ја одбие понудата поради невалидна документација. На 07.09.2018 година, жалителот до Комисијата за јавни набавки по електронски пат доставил информација во врска со Известувањето со кое не бил квалификуван за учество на аукцијата по Понуда на Оглас бр. 19/2018 во која ја информирал дека потврдата за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина и потврдата за стекнување на статус експерт за влијанието на проектите врз животната средна издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање имаат трајна важност и во прилог биле доставени барања до Министерство за животна средина и просторно планирање на ден 22.07.2014 година за продолжување на потврдите како и известувања од Министерство за животна средина и просторно планирање од 04.08.2014 година дека наведените потврди имаат трајна важност. Истиот ден на 07.09.2018 година, од Комисијата за јавни набавки по електронски пат жалителот добил допис дека Комисијата ја откажала електронската аукција во прилог на ново закажување на истата по извршена нова евалуација на понудите. На 12.09.2018 година, преку ЕСЈН Комисијата за јавни набавки повторно доставила Известување до понудувачите кои не биле квалификувани за учество на е-аукција, со кое го известила жалителот дека како резултат од спроведената евалуација не бил квалификувани за учество на електронската аукција како последна фаза од постапката, со образложение дека Комисијата за јавни набавки повторно во два наврати пратила до Министерството за што бил добиен одговор дека по однос на ова прашање министерството нема изградено официјален став и остава на договорниот орган сам да одлучи како ќе постапи. Во досегашното повеќегодишно учество на жалителот во постапки за јавни

набавки од ист или сличен вид каде што се барало да се доставаат наведените потврди - потврда за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина и потврда за стекнување на статус експерт за влијанието на проектите врз животната средна издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање, истите биле прифатени од договорните органи. Согласно претходно наведеното жалителот смета дека биле направени битни повреди на Законот за јавните набавки во евалуацијата на понудите и постапката за доделување на договор за јавна набавка, член 210, алинеја 6 од Законот за јавните набавки и член 140 од Законот за јавните набавки со што биле сторени битни пропусти кои се однесуваат на евалуацијата на понудите и доделувањето на договорот за јавна набавка. Поради направените сериозни пропусти во текот на евалуација на доставените понуди, во однос на важноста на потврдата за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина и потврдата за стекнување на статус експерт за влијанието на проектите врз животната средна издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање и одговорот на Министерство за животна средина и просторно планирање дека нема изградено официјален став и остава на договорниот орган сам да одлучи како ќе постапи, а при тоа имајќи ги предвид Известувањата од Министерство за животна средина и просторно планирање од 04.08.2014 година, дека наведените потврди имаат трајна важност, жалителот предлага Државната комисија за жалби по јавни набавки да ја уважи жалбата, да ја укине одлуката за избор и предметот да го врати во фаза на повторна евалуација.

Во одговорот на жалбата договорниот орган дава кратка хронологија на постапката за доделување на договор за јавна набавка и наведува дека жалбата е неоснована. Имено, по спроведената евалуација Комисијата за јавни набавки ја отфрлила понудата жалителот, бидејќи потврда за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина и потврда за стекнување на статус експерт за влијанието на проектите врз животната средна издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање не биле валидни бидејќи бил изминат рокот на важност (кој трае 5 години) од денот на издавањето на потврдите. При евалуацијата Комисијата констатирала дека потврдите биле од 2009 и биле со изминат рок. При првичната евалуација на понудите од економските оператори за предметот на набавката, Комисијата за јавни набавки бидејќи наишла на проблем при потврдувањето на важноста на потврдите телефонски побарала мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање, каде им било потврдено дека потврдите не важеле и затоа ја одбила понудата на жалителот и ја закажала е-аукцијата согласно завршувањето на евалуацијата. Кога го добила Известувањето од страна на жалителот по електронски пат, дека тој поднел барање за

продолжување на важноста на потврдите, Комисијата ја откажа е -аукцијата и го зела предвид таквото укажување и одлучила да добие на писмено известување од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање со официјален став дали потврдите важат или не. Комисијата за таа цел напиша два мејлови до одговорните во Министерството за животна средина и просторно планирање и била исконтактирана телефонски од страна на одговорните во министерството на ден 11.09.2018 година, дека министерството ќе излезе со официјален став во текот на наредните денови и дека комисијата за јавни набавки при договорниот орган ќе биде известена за тоа на меил, но неформално било речено дека тие немаат став и дека договорниот орган согласно Законот за животна средина и просторно планирање којшто претрпел 2 измени до тој момент, треба сам да одлучи дали потврдите важат или не. Комисијата на 12.09.2018 одлучила да остане на првата одлука и ја закажала е-аукцијата одбивајќи ги сите економски оператори чии потврди беа со изменат рок на важност. На 12.09.2018 година во 15 часот Комисијата за јавни набавки на меил била известена дека: „Во врска со Вашето прашање поврзано со лиценците/уверенијата за Експерт за стратегиска оцена на влијание врз животната средина, Ве информираме дека согласно член 68 од Законот за животна средина (Сл. Весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009,47/2010, 124/2010,51/2011, 123/2012,93/2013, 187/2013,42/2014,44/15, 129/15, 192/15 и 39/2016) Експерт за стратегиска оцена на животната средина може да биде физичко лице кое има положено стручен испит за оцена на плански документи врз животната средина и кое е ставено на Листата на експерти за стратегиска оцена на животната средина, согласно членот 85 од овој закон. Пред измената на Законот за животна средина во 2013 година, со Правилникот за составот на комисијата и начинот на нејзината работа, програмата и начинот на полагање на стручниот испит, висината на надоместокот за полагање на стручниот испит и надоместокот за воспоставување и одржување на листа на експерти и начинот на стекнување и губење на статусот на експерт за стратегиска оцена на животната средина, како и начинот и постапката за вклучување и исклучување од листата на експерти (Службен весник на Р.М 129/2007) било регулирано да може да се продолжуваат лиценците/уверенијата. По измената на Законот за животна средина (Службен весник на РМ бр. 187/14) направена е промена во начинот на полагање на испитот; а лицата што се стекнале со лиценца/уверение пред 2013 година истите им се истечени, односно тие немаат статус на експерт со оваа измена законот. Согласно закон, издадените уверенија за положен испит и за стекнување статус на експерт во 2017 година се трајни. Лицата на кои им се истечени лиценците/уверенијата ќе можат да го претполагаат испитот на крајот на 2018 година.“. Овој одговор бил испратен и до жалителот и со тоа се потврдило дека Комисијата за јавни набавки постапила согласно Законот за животна средина и

просторно планирање. Согласно наведеното договорниот орган предлага Државната комисија за жалби по јавни набавки жалбата на жалителот да ја одбие како неоснована.

Државната комисија постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност согласно член 211 од Законот за јавните набавки, а врз основа на сите приложени писмени докази во предметот за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, утврди дека жалбата е основана.

Државната комисија ги прифати жалбените наводи дека договорниот орган погрешно ја утврдил фактичката состојба.

Имено, Државната комисија согласно доказите со кои располага за конкретната постапка утврди дека Комисијата за јавни набавки ја отфрлила понудата на жалителот бидејќи по консултација со Министерството за животна средина и просторно планирање документите: потврда за стекнување на статус експерт за стратегиска оцена на животната средина и потврда за стекнување на статус експерт за влијанието на проектите врз животната средна издадени од Министерство за животна средина и просторно планирање не биле валидни бидејќи бил изминат рокот на важност (кој трае 5 години) од денот на издавањето на потврдите. При евалуацијата Комисијата констатирала дека потврдите биле од 2009 година и биле со изминат рок. По консултацијата со Министерство за животна средина и просторно планирање, Комисијата одлучила да ја одбие понудата поради невалидна документација.

Комисијата за јавни набавки повторно во два наврати пратила до Министерството за што бил добиен одговор дека по однос на ова прашање Министерството нема изградено официјален став и остава на договорниот орган сам да одлучи како ќе постапи.

Но, со увид на понудата на жалителот Државната комисија утврди дека потврдата за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за оцена на влијанието на проектите врз животна средина гласи на име на Трајковска Трпевска Магдалена и на истата потврда нема ограничување на рокот на важност. Истата личност на ден 22.07.2014 година, поднела барање до Министерство за животна средина и просторно планирање за продолжување на потврдата за стекнат статус-експерт за СОЖС и вклучување во Листата на експерти на СОЖС. На доставеното барање од Министерство за животна средина на ден 04.08.2014 година, бил добиен одговор дека потребата за

продолжување на потврдите  односно нивната важност од 5 години не важи и истите имаат трајна важност.

Од причини што за истиот основ има различни мислења од истата институција, Државната комисија одлучи да ја уважи жалбата, да ја укине Одлуката за избор на најповолна понуда бр.05-722/10 од 17.09.2018 година, донесена по Оглас за барање за прибирање на понуди бр.19/2018 за набавка на услуги – изработка на елаборати и студии од областа на животната средина на договорниот орган ЕЛС Новаци и предметот го врати на повторно постапување и одлучување. При повторно постапување договорниот орган официјално да се обрати до Министерство за животна средина и просторно планирање и да утврди дали потврдата за положен стручен испит за стекнување на статус експерт за оцена на влијанието на проектите врз животна средина која гласи на име на Трајковска Трпевска Магдалена, има рок на важност или истата потврда нема ограничување на рокот на важност, потоа да ги евалуира само понудувачите кои во потполност ги исполнуваат условите наведени во тендерската документација и техничката спецификација и да донесе правилна и законита одлука.

Согласно член 2 од Законот за јавните набавки: „Со овој закон особено се обезбедува: - конкуренција меѓу економските оператори, - еднаков третман и недискриминација на економските оператори, - транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и - рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.“.

Во член 3 точка 24 од Законот за јавните набавки е утврдено дека: „24. „Прифатлива понуда“ е понуда која е поднесена во утврдениот рок и за која е утврдено дека во потполност ги исполнува сите барања од тендерската документација и техничките спецификации и одговара на сите критериуми, условите и евентуалните барања за способноста на понудувачите;“.

Согласно член 140 став 7 и 8 од Законот за јавните набавки: (7) Неприфатливите понуди комисијата нема да ги евалуира. (8) Евалуацијата на понудите се врши исклучиво во согласност со критериумите наведени во тендерската документација и објавени во огласот за доделување на договорот за јавна набавка.“.

Со оглед на фактот што жалителот успеал во постапката, трошоците на постапката за правна заштита ќе му бидат надоместени во целост,  согласно со член 228 став (2) и (7) од Законот за јавните набавки.

Од причини погоре изложени, се донесе Решение како во диспозитивот.

**<u>Упатство за правно средство:</u>** Согласно член 230 од Законот за јавните набавки и член 20 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд на Република Македонија во рок од 30 од денот на приемот на решението.

Бр.09-597/7
03.10.2018 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Маја Малахова**

Доставено до:
- Архива,
- „ТЕХНОЛАБ“ ДОО Скопје, Бул.„Кузман Јосифовски Питу“ бр.28/3-24, п.фах.827, 1000 Скопје
- Општина Новаци, с.Новаци, 7211 Битола